Јавниот повик објавен од Министерство за економија на Р. Македонија согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година за субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност преку кофинансирање на 70% од докажаните трошоци е за следните намени:

-набавка на опрема и алат
-уредување и подобрување на деловниот простор
-изработка на визуелен идентитет на производ/услуга(веб страна, дизајн на логотип, рекламен материјал)
-дизајн на производ
-надоместување на трошоци за здобивање со мајсторска диплома
-стручно оспособување на занаетчии

Кофинансирани ќе бидат само докажани трошоци за предвидените промени настанати во 2017 година и 2018 година.
Јавниот повик е објавен на веб страницата на Министерството за Економија на Р.Македонија , www.ekonomy.gov.mk

Потребни документи за пријавување :
-Пополнет образец Барање СЗ 2018
-Пополнет образец Изјава 2018, заверена на нотар
-Решение за упис во регистар на занаетчии или потврда/одобрение од евиденција на вршители на занаетчиска дејност,
-тековна состојба од Централниот регистар на РМ не постара од 2 (два)месеци,
-уверение за платени даноци и придонеси од Управа за јавни приходи на РМ, не постаро од 2 (два) месеци
-фактура за направени трошоци
-Извод од банка депонент или свифт од кој се гледа дека апликантот целосно ги подмирил обврските
-уплатница на износ од 300,00 денари

Занаетчиска комора Скопје нуди бесплатна помош за своите членови во однос на изготвување на барање за субвенции за занаетчии.
Контакт лице:Атанасовска Анета, моб.078 312-134, 02 3 237-850,
email. info@zkomora.com.mk